***З А П И С Н И К***
***од 28-ма седница на Совет на Општина Демир Хисар***
***одржана на 16.10.2023 година***

Седницата на Советот на општина Демир Хисар се одржа во салата за состаноци во зградата на Дом на пензионерите Демир Хисар со почеток во 12 часот.

На седницата присуствуваа 11 (единаесет) члена на Советот на Општина Демир Хисар од вкупно 11 (единаесет) и тоа: Претседателот на Советот Љупчо Најдовски и советниците Аце Јанкуловски, Сандра Пејковска, Сашо Михајловски, Даниела Давидевска, Филип Ангелевски, Јасмина Јовановска, Јордан Кромидаровски, Валентин Несторoски, Марина Димитријовска и Магдалена Вељановска.

Од општинската администрација присутни беа Александра Трајковска, раководителот Мише Милошевски, Марина Поповска, Моника Петревска. На седницата присутни беа директорката на СОУ "Крсте П. Мисирков" Демир Хисар Маја Лозановска, претставник на дом на култура „Илинден" Зоранчо Здравевски, претставник на ЈОУДГ „Втори Септември" Демир Хисар Цане Трајчевски, претставници на основните училишта Мирјана Пејчиновска и Марина Давидевска.

Записникот го водеше Виолета Пајковска.

-Усвојување на записиник од 27-мата седница на Совет на општина Демир Хисар

Записникот беше усвоен со 11 „за"

На седницата се раcправаше по следниот

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Донесување на Решение за разрешување и именување на членови во Управен одбор во ЈКП „Комуналец" Демир Хисар.
2. Усвојување на Квартален Извештај за извршување на Буџетот на Општина Демир Хисар за извештаен период за квартал од 01.01.2023 до 30.09.2023 година.
3. Измени и дополнување на Буџетот на општина Демир Хисар за 2023 година (трет ребаланс).
4. Донесување на Одлука за делегирање на надлежност за зимско одржување на општински патишта и улици за сезона 2023/2024 година.
5. Донесување на Решение за именување на Комисија за унапредување на правата на пациентите.
6. Усвојување на Финансиски извештај за ЈКП „Комуналец" Демир Хисар за период од 01.01.2023 до 30.06.2023 година.
7. Предлози и прашања

Претседателот на Советот Љупчо Најдовски предложениот Дневен ред го стави на расправа. Во врска со дневниот ред немаше забелешки. Со 11 „за" беше усвоен дневниот ред. Претседателот на Советот Љупчо Најдовски предложи седницата да се прекини, бидејќи нема услови за работа односно иако на повеќе наврати беше укажано за греење на просторијата нема решение. За продолжението на седницата дополнително ќе бидат изсвестени советниците. Со предлогот се согласи и советникот Сашо Михајловски истакнувајќи дека и на предходната седница беше кажано ако не се реши проблемот со грењето нема да се одржи седницата. Претставникот од општината Александра Трајковска укажа согласно одредбите од член 62 од Деловникот за работа на Советот на општина Демир Хисар, цитат:„ Претседателот на Советот ја прекинува седницата и кога тоа ќе го побараат најмалку 5 (пет) членови на Советот...". Претседателот на Советот Љупчо Најдовски побара подршка од советниците за прекин на седницата. За прекинување на седницата гласаа 5 „за" . Советничката Сандра Пејковска ги извести советниците дека за наредната седница ќе го искористи правото од Одлуката за работа на Советот на Општина Демир Хисар Хисар со употреба на комуникациски

средства, бидејќи нема да биде во можност лично да присуствува на седница на Совет заради породилно отсуство односно задолжителен период за нега на новороденче по раѓањето до 45 дена.
Продолжението на 28-мата седница на Совет се оддржа на 14.11.2023 година во салата за состаноци на во здрадата на дом на пензионерите Демир Хисар со почеток во 12 часот. На седницата присуствуваа 11 (единаесет) члена на Советот на Општина Демир Хисар од вкупно 11 (единаесет) и тоа: Претседателот на Советот Љупчо Најдовски и советниците Аце Јанкуловски, Сашо Михајловски, Даниела Давидевска, Филип Ангелевски, Јасмина Јовановска, Јордан Кромидаровски, Валентин Нестороски, Марина Димитријовска и Магдалена Вељановска присутни во салата за состаноци и советничката Сандра Пејковска учествуваше со употреба на комуникациски средства.
На седницата присутен беше градоначалникот на општина Демир Хисар Никола Најдовски. Од општинската администрација присутни беа раководителот Мише Милошевски и Марина Поповска. На седницата присутни беа директорот на ЈКП „Комуналец“ Гоце Мицковски, директорката на СОУ “Крсте П. Мисирков“ Демир Хисар Маја Лозановска, претставник на дом на култура „Илинден“ Зоранчо Здравевски, претставник на ЈОУДГ „Втори Септември“ Демир Хисар Цане Трајчевски, претставник на основните училишта Марина Давидевска.
Записникот го водеше Виолета Пајковска.

***ТОЧКА 1. Решение за разрешување и именување на членови во Управен одбор во ЈКП „Комуналец“ Демир Хисар***

Во врска со Решението за разрешување и именување на членови во Управен одбор во ЈКП „Комуналец“ Демир Хисар советникот Аце Јанкуловски образложи да можи советот да ги разреши члeновите на Управниот одбор треба да има писмено известување со образложение кој членови и заради што се разрешуваат. Со забелешката се согласи и претседателот на Совет Љупчо Најдовски затоа предложи точката да се одложи, а јавното претпријатие да достави писмено известување до основачот. Други забелешки немаше. Со 11 „за“ точката беше одложена.

***ТОЧКА 2. Квартален Извештај за извршување на Буџетот на Општина Демир Хисар за извештаен период за квартал од 01.01.2023 до 30.09.2023 година***

Кварталниот Извештај за извршување на Буџетот на Општина Демир Хисар за извештаен период за квартал од 01.01.2023 до 30.09.2023 година беше усвоен од Комисијата за финансии и буџет објасни претседателката на комисијата Сандра Пејковска. Објаснување за кварталниот извештај имаше претставникот Марина Поповска. Советничката Марина Димитријовска побара објаснување за програмата Ј8 во делот за заловување на бездомни кучиња потрошено е повеќе од планираните срества. Претставникот Марина Поповска објасни платено е по доставени фактури сигурно имало фактури од предходна година. Советничката Марина Димитријовска побара објаснување за приходите на самофинансирачки активности планирани 4.479.000, а реализирано само 40,51 % колку се очекува да се реализира до крајот на годината исто така програма Ј6 изработка на решетка и поставување во Сопотница тоа не е она што го барав цела година ова е на друго место. Во врска со приходите од самофинансирачки активности претставникот Марина Поповска објасни не се очекува уште многу реализација до крајот на годината можеби 50-60% најголема реализација има кај детската градинка, кај основните училишта нема многу. Во врска со решетката во Сопотница Градоначланикот Никола Најдовски објасни оваа решетка е поставена на друго место, имаше проблем таму, а се планира да се постави решетки и таму каде што беше предходно барано тоа ЈКП „Комуналец“ ќе го сработи во изминатиот период имаа повеќе активности, но ќе поставaт решетки и на тој дел. Дискусија повеќе немаше. Согласно член 3 од одлуката за работа на советот со употреба на комуникациски средства гласањето се одвиваше по пат на поменично произнесување на секој член. Листот од засебното гласање по оваа точка е составен дел на седничкиот материјал од 28-мата седница. За усвојување на кварталниот извештај гласаа 11 „за“ .

***ТОЧКА 3. Измени и дополнување на Буџетот на општина Демир Хисар за 2023 година (трет ребаланс)***

Измените и дополнување на Буџетот на општина Демир Хисар за 2023 година (трет ребаланс) беа донесени од Комисијата за финансии објасни претседателката на комисијата Сандра Пејковска. Во врска со измените и дополнувањата на Буџетот за 2023 година трет ребаланс објаснување имаше претставникот Марина Поповска. Претседателот на Советот Љупчо Најдовски праша каде се намелени приходите, а потоа побара објаснување каде има зголемување освем кај ставките за плата.

Претставникот Марина Поповска објасни намалување има кај ДДВ за 1.146.000, а има зголемување на вкупните приходи, бидејќи поголем дел од приходите се реализирани над планот. Градоначалникот Никола Најдовски дополни не е само нашата општина ДДВ-то е намалено кај сите општини. Во врска со измените претставникот Марина Поповска додаде намалување има во расходниот дел во повеќе ставки и тоа во Јд на 482 за 60.000 има намалување во делот каде се сметало дека има повеќе средства, а зголемување има во Ј8 на ставка 425 се зголемува за 50.000 од овде се плаќа за лицата ангажирани во проект преку Агенција за вработување 20% плаќа општината 80 % плаќа агенцијата. Ангажирани се уште месец и половина. Претседателот на советот Љупчо Најдовски праша колку се платени, на што беше одговорено 11.000 бруто плата за пола работно време. Останатите 10.000 се додадени во програма Л0 на 433 од оваа ставка се планира да му се плати на здружението Валентин Стефановски 50.000 по доставеното барање кое е доставено и до советниците. Советничката Марина Димитријовска праша за програмата за пожарната во буџет има 6.475.000, но ако се собери се вкупно е 7.050.000. Претставникот Марина Поповска објасни има зголемување на приходите за 695.000, а беа планирани на 4 милиони, сега се 4.695.000, исто има зголемување на ставки 401 и 404 за регрес и персонален данок, заедно со нашите средства со кои ги плаќаме тројцата пожарникари вкупно е 7.050.000. Дискусија повеќе немаше. Согласно член 3 од одлуката за работа на советот со употреба на комуникациски средства гласањето се одвиваше по пат на поменично произнесување на секој член. Листот од засебното гласање по оваа точка е составен дел на седничкиот материјал од 28-мата седница. За усвојување на ребалансот гласаа 10„за" и 1 „воздржан".

***ТОЧКА 4. Одлука за делегирање на надлежност за зимско одржување на општински патишта и улици за сезона 2023/2024 година***

За Одлуката за делегирање на надлежност за зимско одржување на општински патишта и улици за сезона 2023/2024 година објаснување имаше градоначалникот Никола Најдовски. Имено програмата за зимско одржување е донесена, зимското одржување ќе го врши ЈКП„Комуналец" со оваа одлука се дава надлежност, исто така за спроведување на програмата и за успешна реализација ЈКП „Комуналец" има остварено соработка со „Македониај пат" и ЈЗУ „Психијатриската болница", така очекуваме многу подобро да се одржуваат општинските патишта и улиците оваа сезона. Дискусија немаше. Согласно член 3 од одлуката за работа на советот со употреба на комуникациски средства гласањето се одвиваше по пат на поменично произнесување на секој член. Листот од засебното гласање по оваа точка е составен дел на седничкиот материјал од 28-мата седница. За усвојување на одлуката гласаа 11„за".

***ТОЧКА 5. Решение за именување на Комисија за унапредување на правата на пациентите***

Комисијата за мандатни прашања избори и именување на седницата донесе предлог решение за именување на членови во Комисија за унапредување на правата на пациентите објасни претседателот на комисијата Сандра Пејковска. За членови во комисијата се предложени Пецо Шопевски од здружение на пензионери, Кире Огненовски од здружение „Мобилност", Љубе Димчевски од здружение „Порака", Драган Станковски и Билјана Солунчевска од здружение „Сончева светлина", Стевче Цветановски од ЈЗУ„Психијатриска болница", Настасија Јолевска дипломиран доктор невработена, Аце Јанкуловски и Јасмина Јовановска советници. Во врска со комисијата претставникот Мише Милошевски објасни после одржувањето на седницата на комисијата и предложените членови утврдено е дека направен е превид согласно измени на законот за заштита на пациентите ова тело треба да има 11 членови, а не девет. Исто така согласно неговата намена и надлежност предложи по двајца членови да има од здруженијата „Мобилност" и „Порака", убаво ќе беше ако имаше здруженија на жени и тоа да имаше еден претставник. Како членови од овие две здруженија ги предложи Олга Николовска од „Мобилност" и Томе Милошовски од „Порака", исто наместото од Настасија Јолевска да биди д-р Кочо Бојаџиев вработен во ЈЗУ „Психијатриска болница". Претседателот на Советот Љупчо Најдовски немаше забелешки по предложените членови, потоа праша кој од нив ќе биди претседател. Претставникот Мише Милошевски објасни можи да остани вака предложено сами да си изберат претседател или ако советот бира претседател добро би било да е Драган Станковски доста е активен и можи добро да ја организира работата на комисијата.

Забелешки немаше. За претседател на комисијата беше предложен Драган Станковски и членови Пецо Шопевски, Кире Огненовски, Олга Николовска, Љубе Димчевски, Томе Милошовски, Билјана Солунчевска, д-р Стевче Цветановски, д-р Кочо Бојаџиев, Аце Јанкуловски и Јасмина Јовановска. Согласно член 3 од одлуката за работа на советот со употреба на комуникациски средства гласањето се одвиваше по пат на поменично произнесување на секој член. Листот од засебното гласање по оваа точка е составен дел на седничкиот материјал од 28-мата седница. За донесување на одлуката гласаа 11„за“.

***ТОЧКА 6. Финансиски извештај за ЈКП „Комуналец“ Демир Хисар за период од 01.01.2023 до 30.06.2023 година***

Финансискиот извештај за ЈКП „Комуналец“ Демир Хисар за период од 01.01.2023 до 30.06.2023 година беше усвоен од Комисијата за финансии и буџет објасни претседателката на комисијата Сандра Пејковска. Во врска со извештајот излагање имаше директорот Гоце Мицковски истакнувајќи за овај период претпријатието има загуба од 559.810 денари што се должи на високата цена на електричната енергија и зголемувањето на платите. Се очекува уште полош период за претпријатието. Советникот Валентин Несмороски побара објаснување на намалени приходи за вода, а додека има зголемени приходи кај собирање на смет. Директорот Мицковски објасни намалени приходи за вода има кај домаќинства поради иселување на населението и кај правни лица заради затворање на фирми. Додека зголемените приходи кај куќен и дворен смет се должи на тоа што има населени места каде се наплаќа само за собирање на смет. Потоа праша дали има план како ќе се реши проблемот со водоснабдувањето во Утово и Загориче. Директорот Мицковски објасни се работи да се изнајде најдобро решение, имаше стручна екипа испитуваше нема од каде да се донеси вода единствено останува од кај реката да се направат нови бушотини или од Обедник да се направи анализа како стои состојбата со капацитетот на вода. За предлогот од Обедник да се донеси вода се согласи и советникот Несторовски тоа е најдоброто решение од нивна страна нема проблем. Советникот Сашо Михајловски забележа многу касно е доставен шест месечниот извештај, а потоа праша за ставката трошоци на дело, исто не се прикажани парите кои се позајмени од општината со одлука на совет. Директорот Гоце Мицковски објасни парите кои беа обезбедени од општината со одлука на совет 800.000 не беа позајмени тоа се авансно исплатени и потрошени на повеќе ставки, дел е извршена работата, а дел ќе се извршува. За ставка договор на дело имаше ангажирано пет работници, а потоа се ангажира преку агенција за вработување. Советничката Марина Димитријовска побара објаснување за точка 26 анализа на вода, 27. надомест за УО и НО на што се должи тоа. Потоа спонзорство и рекламирање за што се потрошени тие средства. Директорот Гоце Мицковски објасни за анализа на вода имаше инспекциски надзор и се бараше дополнителна анализа, за надоместоците веројатно не се плаќало предходна година, трошоци за рекламирање се новогодишен рекламен материјал за предходна година, додека спонзорство е за издавање на книга на вработен во комунслното претпријатие и за фудбалскиот клуб. Советничката Димитријовска праша за трошоците за тековно одржување, директорот Мицковски одговори тоа е за возилата. Потоа директорот додаде во иднина се очекува уште полоша финансиска состојба, затоа треба да се размислува за зголемување на цената на водата или други предлог мерки со цел подобрување на финансиската состојба. Дискусија повеќе немаше. Согласно член 3 од одлуката за работа на советот со употреба на комуникациски средства гласањето се одвиваше по пат на поменично произнесување на секој член. Листот од засебното гласање по оваа точка е составен дел на седничкиот материјал од 28-мата седница. За усвојување на извештајот гласаа 6„за“ и 5 „против“.

***ТОЧКА 6. Предлози и прашања***

Претседателот на Советот Љупчо Најдовски истакна, бидејќи на повеќе наврати беше ставена точка на дневен ред за разрешување на членови во управен одбор на ЈКП „Комуналец“ кои не присуствувале на седници на управниот одбор побара ЈКП „Комуналец“ да достави до Советот писмено барање за разрешување на членовите. Претседателот на Советот Љупчо Најдовски ги информира советниците за 24.11.2023 година планира да закажи средба со претседателите на месните заедни за согледување и презентација на проблемите на месните заедници со цел опфаќање на овие проблеми и планирање

во буџетот за 2024 година. Ваква средба планирав и предходната година, но не се реализира затоа сега има доволно време до носење на буџетот да можи овие предлози во рамките на можностите да се планираат. На оваа средба планирам да бидат присутни сите советници, градоначалникот и директорите на јавните препријатија. Бидејќи се планира повеќе присутни оваа сала е мала, затоа состанокот ќе го закажам во сата во СОУ „Крсте П. Мисирков" додаде претседателот на советот.

Градоначалникот Никола Најдовски ја поздрави ваквата иницијатива, посебно на вклучување на повеќе субјекти во креирањето на буџетот, но во таков состав и толкава бројка на присутни би било проблем самата работа и водење на седницата, има повеќе месни заедници и барања кои ќе треба да се планираат нема да можеме сите да ги опфатиме. Добро е да се изнесат проблемите со кои се соочува населението, но да се даде приоритет на инфраструктурните проблеми. Добро е да има отворен ден со граѓаните да се слушнат нивните барања, но тоа да е заради решавање на проблеми од заедничкото живеење со кои се соочува заедницата, како што беше истакнат проблемот со водата во Загориче и Утово. Приоритети да се водоснабдување, инфраструктурни проблеми сите предлози да се ставени пред да се изготви буџетот, да се оствари средба советници директори, а не на сама седница да се даваат предлози. Убава е ваквата замисла, во рамките на можностите ќе се планираат, да се избегне да премини во желботека. Претседателот на Советот Љупчо Најдовски додаде седницата ќе ја водам јас, ќе ги слушниме предлозите потоа ќе седниме ќе ги разгледаме предлозите, а тие предходно ќе си одржат состаноци во месните.

Претседателот на Советот Љупчо Најдовски предложи да се пристапи кон разгледување на барањата

МЗ Зашле

Од месната заедница Зашле на повеќе наврати има доставено барања на седницата нимаше присутен и претставник од месната заедница, бидејќи на седницата присутни се градоначалникот и директорот на ЈКП „Комуналец" да слусниме што е реализирано од нивните барања.

Градоначалникот Никола Најдовски објасни месната заедница доставува барања во кој се наведени 12 работи кои треба општината да ги реализира, тоа не е возможно, бидејќи вакви барања стигнуваат од месни заедници од црковни одбори се постапува секаде по нешто. Конкретно во Зашле машината беше пуштена два пати, и кога ќе се пушти машина добро е да му се каже што треба да направат, бидејќи неможи машина да оди повеќе пати во едно населено место. Вториот пат имаше и дефект. Некои барања не можи да се реализираат неможи да се направи проширување на кривини на пат тоа е специфичен тререн треба стручно да се направи, бараат рушење минирање на карпи кој ќе го направи тоа. Пак ќе се излези пак ќе се помогни во рамките на можностите. Директорот на ЈКП Комуналец Гоце Мицковски објасни она што можевме го направивме поткопан е коловозот тоа е проблем ќе се санира, но треба тоа да се направи со проект тоа е сериозна работа заради бебденоста треба стручно да се направи, за водоснадувањето ќе му помогнеме.

Барање од ЖФК Младост

ЖФК Младост бара да се постават стативи во градскиот стадион. Градоначалникот Никола Најдовски објасни вакво барање има стигнато и до него потоа додаде во градскиот стадион има три пара стативи, овие му требале за тренинзи и натпревари можи да се направат. Советникот Аце Јанкуловски додаде во кругот на ЈЗУ „Психијатриска болница" има стативи кои не ги користат, можи да поднесат писмено барање ако се согласат нека ги земат нека ги користат. Советничката Марина Димитријовска додаде нека се поднеси писмено барање од страна на ЖФК Младост.

Барање од манастирски одбор Св Атанасиј Сопотница

Манстирскиот одбор од Сопотница бараат градежен материјал за доизградба на манастирскиот комплекс св. Атанасиј Сопотница. Во барањето има наведено дека му се потребни 60.000. Советничката Марина Димитријовска додаде досега немало поднесено барање за манастирот треба да му се помогне. Има повеќе активности во манастирот се цртаат икони се прави доизградба многу се вложени сопствени средства треба многу повеќе средства ови се само дел, да се помогне. Градоначалникот Никола Најдовски истакна имаше и предходно барање се бараше осветлување изградба на патот, имаше пуштено машина, се помогнало во повеќе наврати. Во барањето некој можи да напиши дека му требаат 600.000 тоа не значи дека толку ќе му се одобрат. Во општина демир Хисар

има 40 села и 40 и повеќе манстири поентата е  на сите да му се помогни ако дадеме на едно барање 60.000 тогаш на другите нема да можиме. Порано се давало по 20.000 сега даваме по 30.000, толку се можностите. Кога станува збор за барање за верски објект никој не сака да речи не. Ставот на секое барање до 30.000, да можи да се помогне на повеќе места. Помагаме и на друг начин ќе пуштиме машина и тоа се средства. Задоволни се со 30.000, кога се носат на совет нека стои во рамките на можностите. Сега е крај на година по два месеци пак ќе почнат повторно да бараат. Директорот на ЈКП „Комуналец" Гоце Мицковски додаде за манстирот и комуналното претпријатие помогнало и за Сопотница, исто и тие се доста активни собираат средства. Советникот Валентин Нестороски додаде има повеќе начини да се соберат средства, не само од општината. Советникот Аце Јанкуловски се согласи нека биди пракса по 30.000. советничката Марина Димитријовска додаде предходно се донесе за Слепче 60.000. Градоначалникот Никола Најдовски објасни и за таму е до 30.000. Едногласно советниците одлучија по барањата да се определува средства до 30.000 да не се надласуваат.

Барање од Месна заедница Мренога

Барањето од месната заедница Мренога се однесува за доделување на градежен материјал за заштита и реконструкција на училишната зграда во Мренога, во прилог имаше доставено и спецификација на потребниот материјал во изнод од 45.000. Претседателот на Советот Љупчо Најдовски  додаде месната заедница во Мренога е за пофалба имаат активности, треба да се даде подршка. Градоначалникот Никола Најдовски се согласи имаат активности и општината помага за реализација на проектите за тоа добивме и благодарница. Претседателот на Советот Љупчо Најдовски истакна барањето е за 45.000 и ова до 30.000 како и останатите барања.

-Барање од Црковен одбор Ново Село

Црковниот одбор на Ново Село поднесе барање за обезбедување на градежен материјал за санација на храм св. Архангел Михаил во Ново Село. Советниците се согласија да се одобрат до 30.000 за градежни материјали.Во врска со поднесеното барање директорот Гоце Мицковски објасни исто и овде машината на два наврати беше ангажирана. Советничката Марина Димитријовска додаде да се санира потпорниот зид во Ново село.

Советникот Валентин Несторовски предложи да се постави тампон кај детските реквизити кои се поставени во Загориче, бидејќи како што е сега при дождови се оштетуваат со кал. Исто и да се обезбеди материјал да се направат клупи за седење сами ќе ги направат само материјали му се потребни. Директорот Мицковски Гоце објасни тоа е планирано ќе се реализира.

Советникот Валентин Несторовски праша до каде е со изградбата на улиците во Кутретино

Градоначалникот Никола Најдовски објасни постапката е завршена има избрано изведувач, но немаше кој да издаде одобрение за градење. Ќе мора да се размислува да се даде одреден надомест на архитектот кој е ангажиран со меѓуопштинска соработка.

Советниците беа запознати дека од страна на лице корисник на социјална помош има предлог да се донеси акт за соработка со организацијата „Банка за храна" за помош на социјално загрозените семејства.

Советничката Марина Димитријовска истакна во врска со состојбата во СОУ „Крсте П. Мисирков" завршени се постапките од инспецискиот надзор решение се проблемите околку училишните одбори треба да се постапи по барањето за именување на членови во училишен одбор.

Во врска со улиците во Белче градоначалникот ги запозна советниците за сите улици изработен е проект во соработка со УНДП, населението бараше тротоари по главната улица, но тоа не можи, бидејќи предходно немало,  а проектот беше за реконструкција на улици. Останува да се направи реконструкција на сите улици. За наредна година планирани се повеќе проекти.

Дискусија повеќе немаше.

Дневниот ред беше исцрпен, претседателот на Советот Љупчо Најдовски ја затвори седницата.

Бр.17- 1173/2 — Совет на општина Демир Хисар

30.11.2023 година — Претседател,

Демир Хисар — Љупчо Најдовски с.р.